Бр. 01-3910/1 од 14.10.2025

Врз основа на Одлуката за утврдување пречистен текст на Правилникот за систематизација на работни места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 02-2976/5 од 10.07.2025 година, донесена од Управниот одбор на Националната опера и балет, Комисијата формирана со Решение број 01-2927/2 од 04.09.2025 година го утврди пречистениот текст на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет.

Пречистениот текст на Правилникот за систематизација ги опфаќа: Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет бр. 01-1685/3 од 27.08.2020 година, Правилниците за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет бр. 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021, 01-100/1 од 17.01.2022, 01-100/2 од 01.04.2022, 01-2956/1 од 30.08.2022, 01-638/1 од 13.02.2024, 01-3210/1 од 05.09.2024, 01-3760/1 од 21.10.2024 и 01-2928/1 од 09.07.2025 година. (цитираните акти се потврдени со согласност од органот на управување на Националната установа Национална опера и балет и од Министерството за јавна администрација).

Правилникот за систематизација на Националната установа Национална опера и балет и измените и дополнувањата се донесени од страна на директорот на установата врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018), член 12 став (2) точка 6 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет Скопје, и член 127 став 2 од Колективниот договор за култура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/2020 и 21/2020).

# ПРАВИЛНИК
## за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет
## (пречистен текст)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во Националната установа Национална опера и балет (понатаму Национална опера и балет), распоредот, шифрите, називите и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Националната опера и балет се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Националната опера и балет.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Националната опера и балет е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА [1]

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани работни места на (496) предвидени систематизирани извршители на административни службеници, даватели на услуги и помошно – технички лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Националната опера и балет, од кои пополнети се (421) извршители.

Член 6

(1) Работните места на административните службеници согласно Законот за вработените во јавниот сектор се распоредени на следниот начин:

- **Ниво Б2 – 4, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител на сектор за материјално-финансиски работи и сметководство | 1 | 1 |
| 2. | Раководител на сектор за административни, правни и кадровски работи | 1 | 1 |
| 3. | ИТ раководител | 1 | 1 |
| 4. | Раководител на сектор за јавни набавки | 1 | 0 |

- **Ниво Б4 – 5, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител на одделение за сметководство | 1 | 0 |
| 2. | Раководител на одделение за материјално финансиски работи | 1 | 0 |
| 3. | Раководител на одделение за административни, општи и правни работи | 1 | 0 |
| 4. | Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 | 1 |
| 5. | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 | 0 |

- **Ниво В1- 2, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Советник за административни и општи работи | 1 | 1 |
| 2. | Советник за сметководствени работи | 1 | 1 |

- **Ниво В2 – 2, и тоа:**

[1] Бројот на пополнети работни места е со состојба 30.09.2025 година

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Виш соработник сметководител | 1 | 0 |
| 2. | Виш соработник за јавни набавки | 1 | 0 |

- **Ниво В3-1, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Соработник за јавни набавки | 1 | 0 |

- **Ниво В4 – 2, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Помлад соработник за човечки ресурси | 1 | 1 |
| 2. | Помлад соработник за технички секретар – за изработка на програма за работа | 2 | 2 |

- **Ниво Г1- 4, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Самостоен референт сметководител | 1 | 0 |
| 2. | Самостоен референт материјален книговодител со ликвидатура | 1 | 1 |
| 3. | Самостоен референт главен благајник | 2 | 2 |
| 4. | Архивар | 1 | 0 |

(2) Работните места на даватели на услуги согласно Законот за култура се распоредени на следниот начин:

- **Категорија А– уметници**:
- **Ниво А1 - 4, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Диригент | 1 | 1 |
| 2. | Оперски солист првенец | 10 | 9 |
| 3. | Балетски играч првенец | 7 | 5 |
| 4. | Концерт мајстор солист | 1 | 0 |

- **Ниво А2 – 1, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Концерт мајстор | 3 | 3 |

- **Ниво А3– 17, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Друг уметник прва група – диригент втор | 1 | 1 |
| 2. | Истакнат оперски солист | 11 | 9 |
| 3. | Заменик концерт мајстор | 1 | 1 |
| 4. | Водач на група гудачи – втора виолина | 3 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Водач на група гудачи – виола | 2 | 2 |
| 6. | Водач на група гудачи – виолончело | 2 | 2 |
| 7. | Водач на група гудачи – контрабас | 2 | 2 |
| 8. | Дувач прва група – прва флејта | 2 | 2 |
| 9. | Дувач прва група – прва обоа | 2 | 2 |
| 10. | Дувач прва група – прва труба | 3 | 3 |
| 11. | Дувач прва група – прв фагот | 2 | 2 |
| 12. | Дувач прва група – прв тромбон | 2 | 2 |
| 13. | Дувач прва група – прва хорна | 2 | 2 |
| 14. | Дувач прва група – прв кларинет | 2 | 2 |
| 15. | Харфист | 3 | 3 |
| 16. | Тимпанист | 2 | 1 |
| 17. | Истакнат балетски играч солист | 11 | 10 |

- **Ниво А4 – 21, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Друг уметник втора група – асистент диригент | 1 | 1 |
| 2. | Корепетитор во Опера | 4 | 3 |
| 3. | Корепетитор во Балет | 2 | 2 |
| 4. | Оперски солист носител на средни улоги | 9 | 7 |
| 5. | Заменик водач на втори виолини | 1 | 1 |
| 6. | Заменик водач на виоли | 1 | 0 |
| 7. | Заменик водач на виолончела | 1 | 0 |
| 8. | Заменик водач на на контрабаси | 1 | 1 |
| 9. | Тубист | 1 | 1 |
| 10. | Инструменталист на ударни инструменти | 5 | 3 |
| 11. | Трет дувач – трета труба со пистон | 1 | 0 |
| 12. | Трет дувач – тромбон | 1 | 1 |
| 13. | Трет дувач – хорна | 1 | 1 |
| 14. | Трет дувач – трета обоа со англиски рог | 1 | 1 |
| 15. | Трет дувач – ес кларинет | 1 | 1 |
| 16. | Трет дувач – бас кларинет | 1 | 1 |
| 17. | Трет дувач – трета флејта со пиколо | 1 | 1 |
| 18. | Балетски солист носител на средни улоги | 9 | 9 |
| 19. | Педагог репетитор | 1 | 0 |
| 20. | Друг уметник втор група - туба со бас тромбон | 1 | 0 |
| 21. | Друг уметник втора група – координатор на оркестар | 1 | 1 |

- **Ниво А5 – 14, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Асистент хор мајстор | 2 | 2 |
| 2. | Оперски солист носител на епизодни улоги | 6 | 4 |
| 3. | Втор дувач – втора флејта со пиколо | 1 | 1 |
| 4. | Втор дувач – обоа | 1 | 1 |
| 5. | Втор дувач – кларинет | 2 | 1 |
| 6. | Втор дувач – фагот | 1 | 1 |
| 7. | Втор дувач – труба | 1 | 1 |
| 8. | Втор дувач – четврта труба со втор пистон | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Втор дувач – тромбон | 1 | 1 |
| 10. | Втор дувач – втора хорна | 1 | 1 |
| 11. | Втор дувач – четврта хорна | 1 | 1 |
| 12. | Прва виолина тути | 11 | 11 |
| 13. | Балетски играч носител на епизодни улоги | 9 | 7 |
| 14. | Друг уметник трета група – одговорен нототекар | 1 | 0 |

- **Ниво А6 – 6, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Тути гудачи втора виолина | 10 | 9 |
| 2. | Тути гудачи виола | 8 | 7 |
| 3. | Тути гудачи виолончело | 8 | 7 |
| 4. | Тути гудачи контрабас | 4 | 4 |
| 5. | Хористи | 80 | 76 |
| 6. | Балетски играч во ансамбл | 44 | 37 |

- **Категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела**
- **Ниво Б1 – 3, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Сликар | 2 | 2 |
| 2. | Академски вајар | 1 | 1 |
| 3. | Костимограф | 1 | 1 |

- **Ниво Б2 – 4 и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Режисер – асистент | 2 | 2 |
| 2. | Инспициент – асистент во Опера | 2 | 2 |
| 3. | Инспициент – асистент во Балет | 2 | 1 |
| 4. | Костимограф – асистент | 2 | 1 |

- **Категорија В- стручни сценски работници,**
- **Ниво В1 – 1, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Помошник раководител одговорен за безбедност и ППЗ, хигиена и општо одржување | 1 | 1 |

- **Ниво В2 – 3, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Стручен сценски работник инженер – машински инженер | 1 | 1 |
| 2. | Стручен сценски работник инженер-стручен соработник на раководителот на сценска техника | 1 | 1 |
| 3. | Стручен сценски работник инженер - електроинженер | 1 | 0 |

- **Категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата:**
- **Ниво Г1 – 8 и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Уметнички раководител на Опера | 1 | 0 |
| 2. | Уметнички раководител на Балет | 1 | 0 |
| 3. | Друг раководител, Раководител на сценска техника | 1 | 1 |
| 4. | Друг раководител, Раководител на сектор за маркетинг и односи со јавност, документација и библиотека и продажба на билети | 1 | 1 |
| 5. | Програмски раководител | 1 | 1 |
| 6. | Друг раководител – за меѓународна дејност | 1 | 0 |
| 7. | Друг раководител во Опера – за музичко-сценска режија | 1 | 1 |
| 8. | Друг раководител во Балет – одговорен педагог, репетитор и кореограф | 1 | 1 |

- **Ниво Г2 – 14, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Друг стручен соработник - Раководител на одделение за маркетинг и односи со јавност | 1 | 1 |
| 2. | Друг стручен соработник - Раководител на одделение за продажба | 1 | 1 |
| 3. | Друг стручен соработник - Раководител на одделение за документација | 1 | 1 |
| 4. | Се брише | | |
| 5. | Стручен соработник – организатор во Опера | 1 | 1 |
| 6. | Стручен соработник координатор на сценската техника со уметнички ансамбли | 1 | 1 |
| 7. | Стручен соработник за музичка архива | 3 | 3 |
| 8. | Друг стручен соработник - Организатор во сценска техника | 1 | 1 |
| 9. | Стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура – одговорен на единица за светло | 2 | 2 |
| 10. | Стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура – одговорен на единица за тон и видео | 1 | 0 |
| 11. | Стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура - одговорен на единица за шминка, перики и маскирање | 1 | 1 |
| 12. | Друг стручен соработник – одговорен машински техничар за сценска манипулација | 1 | 1 |
| 13. | Друг стручен соработник – одговорен електроничар за сценска манипулација | 1 | 1 |
| 14. | Стручен соработник за меѓународна соработка | 1 | 1 |

- **Ниво Г3 – 8, и тоа:**

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Суфлер | 2 | 1 |
| 2. | Соработник – секретар на уметничко-техничка оператива (во опера/балет) | 2 | 1 |
| 3. | Соработник за сц.муз.дејност (во балет) | 2 | 2 |
| 4. | Се брише | | |
| 5. | Друг соработник во културата – за документација (албанолог) | 1 | 1 |
| 6. | Друг соработник во културата – за документација | 2 | 2 |
| 7. | Друг соработник во културата – за маркетинг и односи со јавност | 5 | 4 |
| 8. | Соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура – бутафорист | 1 | 0 |

(3) Работните места на помошно – техничките лица се распоредени на следниот начин:

| Р.бр. | Подгрупа /ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти – машинист ракувач на сцена | 2 | 1 |
| 2. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти – електроничар ракувач на сцена | 2 | 1 |
| 3. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти - одговорен кројач/шивач | 2 | 1 |
| 4. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти - кројач шапкар | 1 | 1 |
| 5. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти - за боење и одржување костими | 1 | 0 |
| 5.1 | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти – во ателје | 1 | 0 |
| 6. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти – за фризури и перики | 1 | 0 |
| 7. | 05 А01 | Техничар за светло | 3 | 3 |
| 8. | 05 А01 | Ракувач со светло | 2 | 2 |
| 9. | 05 А01 | Техничар за тон | 2 | 1 |
| 10. | 01 А02 | Друг одговорен сценски работник Машински техничар за општо одржување | 2 | 2 |
| 10.1. | 01 А02 | Друг одговорен сценски работник електричар за општо одржување | 3 | 3 |
| 11. | 01 А02 | Друг одговорен сценски работник – оркестарски манипулант | 2 | 1 |
| 12. | 01 А02 | Одговорен декоратер | 3 | 3 |
| 13. | 01 А02 | Одговорен дрводелец | 1 | 0 |
| 14. | 01 А02 | Одговорен бравар (во општо одржување) | 1 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | 01 А02 | Одговорен водоинсталатер | 1 | 1 |
| 16. | 01 А02 | Одговорен гардеробер | 1 | 1 |
| 16.1. | 01 А02 | Одговорен тапетар | 1 | 1 |
| 17. | 01 А03 | Декоратер | 11 | 10 |
| 18. | 01 А03 | Дрводелец | 1 | 1 |
| 18.1. | 01 А03 | Декоратер работник на рампа | 1 | 1 |
| 19. | 01 А03 | Тапетар | 1 | 1 |
| 20.1. | 01 А03 | Бравар | 1 | 1 |
| 20. | 01 Б01 | Билетопродавач | 1 | 1 |
| 21. | 01 Б01 | Друг работник за прием на посетители (рецепционер) | 2 | 1 |
| 22. | 01 Б02 | Магационер | 2 | 0 |
| 23. | 01 Б02 | Домаќин | 1 | 1 |
| 24. | 01 Б02 | Друг работник за одржување Возач/набавувач/доставувач | 2 | 2 |
| 24.1 | 01 Б02 | Друг работник за одржување -одговорен редар во салон | 1 | 1 |
| 25. | 01 Б03 | Хигиеничар | 13 | 12 |
| 25.1 | 01 Б03 | Друг НКВ работник за одржување - во кујна | 1 | 1 |
| 25.2 | 01 Б03 | Друг НКВ работник за одржување - во перална | 1 | 1 |
| 26. | 02 А01 | Работник за обезбедување (пожарникар обезбедувач) | 13 | 13 |
| 27. | 05 Б01 | Реквизитер | 3 | 3 |
| 28. | 05 Б01 | Фризер (перикер) | 2 | 2 |
| 29. | 05 Б01 | Шминкер | 2 | 2 |
| 30. | 05 Б01 | Шивач | 6 | 6 |
| 31. | 05 Б01 | Друг работник за реквизита и фундуси (за изработка на чевли) | 2 | 2 |
| 32. | 05 В01 | Гардеробер | 5 | 5 |
| 33. | 05 В01 | Гардеробер магационер | 1 | 1 |
| 34. | 05 В01 | Перач | 1 | 1 |

Член 7

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцelariско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
    - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест

години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:

(2) Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
    - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
    - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
    - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
    - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
    - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

(2) Потребни општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
    - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
    - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
    - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

(2) Потребни општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 10

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на културата од Категорија А се:

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно
- работно искуство, и тоа:
    - за нивоата А1 и А2 најмалку петгодини работно искуство во струката,
    - за нивото А3 најмалку три години работно искуство во струката,
    - за нивото А4 најмалку две години работно искуство во струката, и
    - за нивоата А5 и А6 до една година работно искуство во струката.

Член 11

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на културата од Категорија Б се:

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Б1 најмалку пет години работно искуство во струката,
    - за нивото Б2 најмалку една година работно искуство во струката.

Член 12

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на културата од Категорија В се:

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото В1 најмалку пет години работно искуство во струката,
    - за нивото В2 најмалку една година работно искуство во струката.

Член 13

Посебни услови утврдени со закон за даватели на услуги од областа на културата од Категорија Г се:

- ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно образование;
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Г1 и Г2 најмалку пет години работно искуство во струката,
    - за нивото Г3 до една година работно искуство во струката.

Член 14

Посебни услови утврдени со закон, за помошно – техничките лица е степенот на образование и тоа: најмалку средно четиригодишно образование, односно тригодишно средно образование, двегодишно стручно образование и основно образование.

Член 15

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО**
**Националната установа Национална опера и балет**

I. Административна служба

1. самостојна единица- одделение за внатрешна ревизија

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 1. КУЛ 01 02 Б04 014 |
| Звање на работно место | Раководител на одделение за внатрешна ревизија |
| Назив на работно место | Раководител на одделение за внатрешна ревизија |
| Ниво | Б4 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо – Економски науки |
| Други посебни услови | Согласно член 36 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола,<br>-положен испит зза овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или поседување меѓународно признат ревизорски сертификат,<br>- најмалку 3 години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија |
| Работни цели | Спроведување на внартрешна ревизија со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола |
| Работни задачи | - го известува директорот за регуларноста, ефективноста и ефикасноста на извршувањето на буџетот/финансиски план,<br>- го известува за регуларноста и ефикасноста на внатрешната финансиска контрола, вклучително и управувањето со средствата,<br>- го известува за усогласеноста на сметководствените извештаи за извршување на буџетот/финансискиот план со сметководствените стандарди,<br>- дава мислења за внатрешните правила и акти на субјектот во врска со прашањата поврзани со внатрешната финасиска контрола и внатрешната ревизија пред овие правила и акти да влезат во сила,<br>- ги советува сите раководни лица во субјектот за управувањето со ризик. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 2. КУЛ 01 02 В01 014 се брише |

| 2. Сектор за ИТ поддршка |
|---|

| Реден број и шифра | 3. КУЛ 01 02 Б02 003 |
|---|---|
| Звање на работно место | Раководител на сектор за ИТ системи и поддршка |
| Назив на работно место | Раководител за ИТ поддршка |
| Ниво | Б2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | информатика, Компјутерска техника и информатика |
| Други посебни услови | / 5 год мин работно искуство во областа на ИТ, PRINCE 2 и ITIL, Windows Server сертификати |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на установата |
| Работни задачи | - Подготвува предлог план за работа од своја надлежност,<br>- Дава стручна помош од своја надлежност,<br>- учествува во изработката на годишната програма за работа<br>- подготвува извештаи за спроведување на програмата за работа,<br>- подготвува мислења и анализи за прашања во врска со остварувањето на програмата за работа,<br>- подготвува иницијативи за решавање на одделни прашања од делокругот на информатичката технологија<br>- оценување на раководни административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници,<br>- Ги ажурира податоците во врска со програмата за работа на установата. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

| Реден број и шифра | 4. КУЛ 01 02 В04 004 се брише |
|---|---|

| 3. Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство |
|---|

| Реден број и шифра | 5. КУЛ 01 02 Б02 002 |
|---|---|
| Звање на работно место | Раководител на сектор за материјално-финансиски работи и сметководство |
| Назив на работно место | Раководител на сектор за материјално-финансиски работи и сметководство |
| Ниво | Б2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Економски науки |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со секторот давање совети и насоки од делокруг на секторот со кој раководи |
| Работни задачи | - ја води работата (организирање, насочување и контрола) на секторот и ја координира со работниот процес во другите оддели,<br>- оценување на раководни и други административни службеници,<br>- следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење;<br>- управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот; |

| | |
|---|---|
| | - контрола на подготовката и извршувањето на буџетот;<br>- спроведува ex-post финансиска контрола;<br>- изготвувањето на финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за субјектот, органите во состав и единките корисници на субјектот;<br>- следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на субјектот;<br>- сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка;<br>- изготвува годишен план за јавните набавки и го следи неговото спроведување преку склучените договори за јавни набавки. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

3.1. одделение за сметководство

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 6. КУЛ 01 02 Б04 002 |
| Звање на работно место | Раководител на одделение за сметководство |
| Назив на работно место | Раководител на одделение за сметководство |
| Ниво | Б4 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Економски науки |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокруг на одделот со кој раководи |
| Работни задачи | - организирање, насочување и координација на работата на одделот,<br>- вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите,<br>- оценување на административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници,<br>- учествува во изготвување на план за работа, на извештаи за спроведување на програмата за работа и други прашања во врска со остварувањето на програмата за работа,<br>- следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на сметководственото работење;<br>- управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот;<br>- подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;<br>- сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка. |
| Одговара пред | Раководителот на сектор |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 7. КУЛ 01 02 В01 006 |
| Звање на работно место | Советник главен сметководител |
| Назив на работно место | Советник главен сметководител |
| Ниво | В1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Економски науки |

| | |
|---|---|
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Самостојно, ефикасно, ефективно и квалитетно извршување најсложени работни задачи од делокругот на организационата единица |
| Работни задачи | - врши административни работи од надлежност на организационата единица,<br>- ги следи и применува прописите од областа во која што работи,<br>- учествува во оценување на административни службеници,<br>- врши процена на усогласеност на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;<br>- оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на раководителот на субјектот за намалување на факторите за ризик;<br>- проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи на субјектот;<br>- известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 8. КУЛ 01 02 В02 006 |
| Звање на работно место | Виш соработник - сметководител |
| Назив на работно место | Виш соработник – сметководител |
| Ниво | В2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки: Економија и бизнис или Други општествени науки – Организациони науки и управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа и задачи од делокругот на организационата единица |
| Работни задачи | - врши административни работи од надлежност на организационата единица,<br>- ги следи и применува прописите од областа во која што работи,<br>- учествува во оценување на административни службеници,<br>- процена на усогласеност на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;<br>- оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на раководителот на субјектот за намалување на факторите за ризик;<br>- проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи на субјектот;<br>- контрола на постапките за набавка од економски аспект и следење на реализацијата на договорите за јавни набавки,<br>- известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измами или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 9. КУЛ 01 02 Г01 003 |

| | |
|---|---|
| Звање на работно место | Самостоен референт сметководител |
| Назив на работно место | Самостоен референт сметководител |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | вишо или средно стручно економско-правна и трговска струка, гимназиско |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите од делокругот на организационата единица |
| Работни задачи | - учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени и други работи од административна природа,<br>- подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделот за сметководство,<br>- учествува во оценувањето на административни службеници,<br>- соработува со благајникот во врска со податоците и евиденцијата за пресметката на плата, придонесите и нивно правилно насочување;<br>- изготвува налози за исплата на финансиски документи и нивна реализација;<br>- врши фактурирање за извршени услуги, договори за закуп и друго. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 10. КУЛ 01 02 Г01 004 |
| Звање на работно место | Самостоен референт главен благајник |
| Назив на работно место | Самостоен референт главен благајник |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | вишо или средно стручно - економско-правна и трговска струка, гимназиско |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите од делокругот на организационата единица |
| Работни задачи | - учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени и други работи од административна природа,<br>- учествува во оценувањето на административни службеници,<br>- врши контрола на законитоста, точноста и исправноста на книговодствените исправи и други парични документи во врска со благајничкото работење;<br>- ги следи законските прописи и се грижи за нивно применување и е одговорен за благајничкото работење;<br>- ги применува прописите на благајничкиот максимум;<br>- ги предава благајничките документи со книгата на благајната во сметководството во определени рок;<br>- врши пресметка на платите на вработените;<br>- се грижи за обезбедување на готови пари и девизни средства како и за благовремено предавање на паричните документи и налози во ЗПП;<br>- ракува со готови пари и харии од вредност, составува благајнички налози и други исправи во врска со благајничкото работење;<br>- врши прием на готови пари, истите ги уплатува на жиро-сметка, најдоцна идниот ден. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| 3.2. одделение за материјално финансиско работење |
|---|

| Реден број и шифра | 11. КУЛ 01 02 Б04 003 |
|---|---|
| Звање на работно место | Раководител на одделение за материјално финансиско работење |
| Назив на работно место | Раководител на одделение за материјално финансиско работење |
| Ниво | Б4 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Економски науки |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети и насоки од делокруг на одделот со кој раководи |
| Работни задачи | - организирање, насочување и координација на работата на одделот,<br>- вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите,<br>- оценување на административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници,<br>- учествува во изготвување на план за работа, на извештаи за спроведување на програмата за работа и други прашања во врска со остварувањето на програмата за работа,<br>- следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на материјално - финансиското работење;<br>- управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот;<br>- подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;<br>- сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка. |
| Одговара пред | Раководителот на сектор |

| Реден број и шифра | 12. КУЛ 01 02 Г01 002 |
|---|---|
| Звање на работно место | Самостоен референт материјален книговодител со ликвидатура |
| Назив на работно место | Самостоен референт материјален книговодител со ликвидатура |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | вишо или средно образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите од делокругот на организационата единица |
| Работни задачи | - учествува во извршувањето на помошно-стручни, сметководствени и други работи од административна природа,<br>- подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделот,<br>- учествува во оценувањето на административни службеници,<br>- врши книжење на потрошени и издадени материјали од магацините во работилниците;<br>- врз основа на оригинални листи за попис слага со пописната комисија за |

| | |
|---|---|
| | утврдување на залихата на материјалите;<br>- издава месечни извештаи за потрошениот материјал;<br>- соработува со магационерот и др. корисници на материјали;<br>- се грижи и одговара за уредно чување на книговодствената евиденција до определениот законски рок. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 13. КУЛ 04 01 Б02 004 |
| Звање на работно место | Магационер |
| Назив на работно место | Магационер |
| Ниво | 01 Б02 |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | средно стручно образование или гимназија |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Врши работни задачи во врска со материјалите во магацин |
| Работни задачи | - врши прием и издавање на материјали и други набавени работи;<br>- води материјална а по потреба и финансова евиденција за движењето на материјалите и другите работи;<br>- врши контрола на материјалите при нивниот прием (по вид и количина),<br>- врши попис на материјалите во магацинот,<br>- се грижи за материјалите што се наоѓаат во магацинот и за одржување на магацинскиот простор. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 14. КУЛ 04 01 Б02 003 |
| Звање на работно место | Домаќин |
| Назив на работно место | Домаќин |
| Ниво | 01 Б02 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | средно стручно образование - текстилно кожарска струка, електротехничко или гимназиско образование |
| Други посебни услови | Возачка дозвола, најмалку Б категорија |
| Работни цели | Следење на состојбата на основни средства, инвентар и материјали во употреба |
| Работни задачи | - ракува и ги чува основните средства, ситниот инвентар и материјалите во употреба,<br>- ги составува исправите со кои се врши набавка на одредени стоки, инвентар и средства,<br>- води евиденција и нумерирање на инвентарот,<br>- известува за дефектите кои треба да бидат отстранети,<br>- дава предлог за инвентарот кој треба да се расходува. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 14.а КУЛ 04 01 Б02 005 |
| Звање на работно место | Друг работник за одржување |

| | |
|---|---|
| Назив на работно место | Возач/набавувач/доставувач |
| Ниво | Б02 |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | средно стручно образование –електротехничка, машинска струка или гимназиско образование |
| Други посебни услови | Возачка дозвола, најмалку Б категорија |
| Работни цели | Превоз, набавка и доставување на пратки |
| Работни задачи | - ги вози службените возила на НОБ, по налог од претпоставените<br>- врши набавка по претходно добиени и одобрени налози од овластени лица;<br>- води книга за поднесени требувања и купени материјали;<br>- ги доставува набавените материјали во магацинот и се раздолжува од нив;<br>- врши надворешна достава на документии други пратки. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број | 15. КУЛ 04 03 А01 001 се брише |

4. Сектор за административни, правни и кадровски работи и за канцелариско-архивско работење

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 16. КУЛ 01 02 Б02 001 |
| Звање на работно место | Раководител на сектор за административни, општи и правни работи |
| Назив на работно место | Раководител на сектор за административни, правни и кадровски работи |
| Ниво | Б2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Правни науки |
| Други посебни услови | Правосуден испит |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокруг на секторот со кој раководи |
| Работни задачи | - ја води работата (организирање, насочување и контрола) на секторот и ја координира со работниот процес во другите оддели,<br>- оценување на раководни административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници,<br>- подготовка на мислења и анализи за прашања во врска со делокругот на работа на секторот и подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања од делокругот на секторот,<br>- следење и примена на законите и подзаконските акти,<br>- координирање на подготовката на материјали за седниците на Управен одбор;<br>- подготвува изведувачки и авторки договори, договори за дело и закуп и други видови договори;<br>- изготвува нацрти нанормативните акти, годишен план за вработување и други општи акти. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

4.1. одделение за административно -правни работи

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 17. КУЛ 01 02 Б04 001 |
| Звање на работно место | Раководител на одделение за административни, општи и правни работи |
| Назив на работно место | Раководител на одделение за административни, општи и правни работи |
| Ниво | Б4 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Правни науки |
| Други посебни услови | Правосуден испит |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокруг на одделот со кој раководи |
| Работни задачи | - ја води работата (организирање, насочување и контрола) на одделението и ја координира со работниот процес во другите оддели,<br>- оценување на раководни административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници,<br>- подготовка на мислења и анализи и давање иницијативи за прашања од делокругот на одделот,<br>- следење и примена на законите и подзаконските акти;<br>- учествува во подготовките и организацијата на Управниот одбор и стручниот колегиум на Национална опера и балет, присуствува на истите, води записници и се грижи за доставување на одлуки, заклучоци и други акти;<br>- по овластување застапува пред судовите и други управни и државни органи;<br>- води постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на вработените,<br>- подготвува изведувачки и авторски договори, договори за дело и закуп и други видови договори;<br>- изготвува нацрти на нормативните акти и други прописи и општи акти и се грижи за нивно правилно спроведување, изготвува аналитички материјали и стручни мислења<br>- ја спроведува постапката за упис на статусни промени. |
| Одговара пред | Раководителот на сектор |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 18. КУЛ 01 02 В01 002 |
| Звање на работно место | Советник за административни општи и правни работи |
| Назив на работно место | Советник за административни и општи работи |
| Ниво | В1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо - Образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да извршува работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа и задачи од делокругот на одделот |
| Работни задачи | - самостојно врши најсложени административни работи,<br>- подготвува извештаи и други материјали од административна природа,<br>- ги следи и применува прописите од областа во која што работи,<br>- учествува во оценувањето на административните службеници,<br>- дава стручна помош, совети и врши менторство на административни |

| | |
|---|---|
| | службеници,<br>- собира и обработува податоци во врска со работниот однос на вработените. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

| | |
|---|---|
| Реден број | 19. КУЛ0102В02002 се брише |

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 20. КУЛ 01 02 Г01 009 |
| Звање на работно место | Архивар |
| Назив на работно место | Архивар |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | вишо или средно стручно образование - гимназиско, економско-правна и трговска струка |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите од делокруг на одделот |
